Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 258/0306
05.06.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29 мај 2019 година, врз основа на примена жалба од градоначалникот на Кочани, Николчо Илиев, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет - порталот „Курир“, со текстот насловен „Брат брата рани со тендери и субвенции“: Градоначалникот на Кочани на својот брат му обезбедил 312 илјади евра за сомнителна фирма“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 3.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 14 мај 2019 година, градоначалникот на Кочани, Николчо Илиев, поднесе жалба за текстот со наслов „Брат брата рани со тендери и субвенции“: Градоначалникот на Кочани на својот брат му обезбедил 312 илјади евра за сомнителна фирма“, објавен на 9 мај 2019 година, на Интернет - порталот „Курир“ (www.kurir.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, незастапена втора страна, навреда и клевета.

Подносителот на претставката потенцира и дека до Интернет - порталот „Курир“ испратил демант, кој не бил објавен од страна на медиумот. Поради необјавувањето на демантот, Кабинетот на градоначалникот на Кочани го известил „Курир“ дека правдата ќе ја бара пред судските инстанци.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет - порталот „Курир“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 3.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 3:*** *„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 29 мај, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најнапред, констатираа дека се работи за текст, кој единствено се сведува на наслов и Фејсбукс статус на корисник, потпишан со името „Јован Кукузел“, а се однесува на наводен непотизам на градоначалникот на Кочани, Николчо Илиев, кој воедно е и подносител на жалбата. Комисијата се согласи дека случаите на непотизам и конфликт на интереси мора да бидат врвен новинарски интерес, а работата на функционерите легитимна новинарска цел. Критичкото следење на настаните, а особено на работата на носителите на јавни функции и државни установи, се меѓу главните задачи на новинарите, но тоа секогаш треба да биде во согласност со новинарските начела, што ни одблиску не е случај со текстот на „Курир“.

Медиумите се одговорни и за искажаното на социјалните мрежи, зашто со нивното објавување таквите содржини добиваат јавност и затоа не ги ослободуваат медиумите од одговорност. Во такви случаи, новинарите се обврзани да побараат став од засегнатите страни и да ги проверат информациите колку што е можно повеќе. Оттука, членовите на Комисијата најдоа дека Интернет - порталот „Курир“ го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, чија отстапка особено е нагласена во насловот од текстот:

***„Брат брата рани со тендери и субвенции“: Градоначалникот на Кочани на својот брат му обезбедил 312 иљади евра за сомнителна фирма“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста на информациите се морални императиви на новинарството. Затоа, новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата најде дека со необјавувањето на демантот, испратен од жалителот, Интернет - порталот „Курир“ го прекршил и членот 3 од Кодексот на новинарите. Моралната одговорност за неточноста на информацијата паѓа на новинарот и затоа е важно тој самиот да влијае и да обезбеди демант, исправка или одговор во медиумот во кој информацијата е објавена, а чијшто автор е тој. На тој начин, новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи.

Членовите на Комисијата констатираа и дека, во меѓувреме, „Курир“ го отстранил текстот, иако тоа не ја намалува одговорноста на медиумот. Според членот 3 од Кодексот, генерално треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на Интернет, а доколку тој се измени или тргне, тоа мора да биде јасно назначено.

При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:

*** Членот 16 од Уставот во делот во кој се вели:**

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.

*** Членот 17 од Законот за медиуми (Право на исправка на објавена информација), во делот кој се вели:**

Секој има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавената информација во која се наведуваат неточни факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и другите организации и тела, доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.

*** Членот 18 од истиот Закон (објава на исправка) во делот во кој се вели:**

Исправка се објавува, без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној на кој била објавена информацијата. Исправката не смее да биде несразмерно подолга од информацијата, односно од делот на информацијата на која се однесува. Исправката може да се објави во изменета форма само доколку на тоа се согласи подносителот на барањето на исправката. Исправката мора да биде објавена на начин што од самиот наслов може да се види дека се работи за исправка. Исправка без согласност на подносителот на барањето не смее да се објавува меѓу реакции или писма на читателите, односно гледачите или слушателите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Курир“ (www.kurir.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595